Бесплатен примерок

септември, 2018

# Скопје
## гласило

СПЕЦИЈАЛНО ИЗДАНИЕ



5 стр.
Скопската фудбалска приказна

8 стр.
Интервју: Тајната состојка што го освои светот

18 стр.
#Запознајгископјани

20 стр.
Градот убав повторно никна

Во мај 2018 година, во Музејот на град Скопје се одржа изложбата „Скопските вертикали“ на авторскиот тим: Јован Ивановски, Ана Ивановска Дескова и Владимир Десков. Изложбата, проследена со истоимената публикација претставува резултат на продлабочено истражување на високите градби во Скопје, како едни од најспецифичните и најистакнатите архитектонско-урбанистички елементи кои силно влијаат врз формирањето на современиот лик на градот. Следејќи една вообичаена методологија на истражувачка работа (широко мапирање, вреднување и потесен избор, собирање и обработка на графички материјал, изработка на фотографии, изработка на архитектонски модели, јавна презентација...), овој труд пред јавноста претстави избор од 50 скопски висококатници кои припаѓаат во периодот од педесеттите до доцните осумдесетти години од минатиот век.

Слично како и кај другите европски градови, историјата на вертикалите во Скопје може да се следи низ сите епохи на историскиот развој на архитектурата –од исфрлените, одбранбени кули на скопската и околните



Од изложбата „Скопските вертикали“, фото: Васе АМАНИТО

# СКОПСКИТЕ ВЕРТИКАЛИ

Ана ИВАНОВСКА ДЕСКОВА
Владимир ДЕСКОВ
Јован ИВАНОВСКИ



Станбени кули тип „К7-К9“ / бул. АСНОМ бр.70 / архитект Воислав Филевски / 1979 година. Фото: Васе АМАНИТО

тврдини; преку градските репери со религиозен карактер (кулите камбанарии и минарињата); профаните репери - саат кулата; објектите кои со својата височина говорат за истакнатата социјална позиција - Беговската кула итн. Сепак, вертикалноста и развојот на градот во височина својата вистинска смисла ја добива дури во повоениот период преку кулата висококатница како една од главните одлики и симболи на модернистичкиот град.

## ВО ПОСТЗЕМЈОТРЕСНАТА ОБНОВА ДРАСТИЧНО СЕ МОДЕРНИЗИРА ГРАДОТ

Интензивниот процес на модернизација кој започнува да го менува ликот на Скопје уште во повоените педесетти, а особено драматично во периодот на постземјотресната обнова на градот (кон крајот на шеесеттите, седумдесеттите и првата половина на осумдесеттите години), ќе воведе нови, современи парадигми во однос на планирањето на просторот и во однос на неговата изградена структура. Станува збор за период од архитектонската историја на Скопје кога развојот на градовите и во глобални рамки сеуште се смета за „резултат на колективен напор“, а на архитектурата се гледа како на „јавна работа“; како на значајна еманципаторска алатка и особено како на средство за општествено и културно подобрување.

Така, во периодот на интензивната модернизација на Скопје, вертикалниот модел на „населување“ и раст на градот зазема значајно место во архитектонско-урбанистичките





Од отворањето на изложбата „Скопските вертикали“, фото: Елена ФИДАНСКА

композиции, како на симболички план, така и заради својата специфична типологија. Растејќи во височина, вертикалните градби истовремено обезбедуваат висока густина, но и ослободуваат голема површина која понатаму може да се користи како заеднички, јавен и уреден простор. Релативно малата и компактна основа овозможува повторување на карактеристичниот кат во височина, во рамките на структурална рамка од рационални конструктивни распони. Слободната поставеност во просторот на градот обезбедува поволна ориентација, изложеност на сонце (осонченост) и добри погледи за внатрешните станбени или работни простори. Притоа, растот на градот во височина се потпира врз развојот на технологијата и на иновацијата.

## ПРЕЦИЗНИОТ И СКРОМЕН БУЏЕТ ГО ПОТТИКНУВААТ КРЕАТИВНОТО РАЗМИСЛУВАЊЕ И ЖЕЛБАТА ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ СООДВЕТЕН РАЦИОНАЛЕН МОДЕЛ

Во случајот на Скопје, особено значаен е постземјотресниот период на обнова во кој градежната индустрија минува низ процес на темелна ревизија во насока кон порационализирано производство – економичност на материјалите и конструкциите во текот на градежниот процес, унификација, стандардизација и масовно производство. Огромниот истовремен фронт на изградба, обемот и сложеноста на зафатите итн., укажува на растот на градежната оператива и нејзината оспособеност да изведува комплексни зафати, но и да поддржува и стимулира различни истражувања и развој на нови архитектонски концепти. Прецизниот и неретко скромен буџет (особено кога станува збор за станбената изградба) го поттикнуваат креативното размислување и желбата да се обезбеди соодветен модел. Поради императивот за што поголема рационалност вообичаено би се очекувала редукција на секаков орнамент во архитектонско-



Кула Автокоманда / ул. Јани Лукровски бр. 2 / архитект Трајко Василев / 1972 година. Фото: Васе АМАНИТО

то изразување; напротив, во годините по земјотресот (70-тите и 80-тите години) силно е изразена тенденцијата за зголемена скулптуралност и во првостепената и во второстепената пластика на градбите. Со голем ентузијазам и верба во резултатот се експериментира, пред сé во усовршување на работата со бетон (како илустрација може да послужат студентскиот дом „Гоце Делчев", објектите на Телекомуникацискиот центар, Народната банка на РМ итн.)
Во мноштвото реализации, одредени градби се истакнуваат со својата исклучителна архитектонска амбиција и квалитет. Кај нив просторот, структурата и ткивото се заемно поврзани на комплексни и сугестивни начини.
И покрај наведените квалитети, вертикалните градби нема да ја избегнат (кај нас задоцнетата) криза и критика на Модерната – како во однос на „растурањето" на јасната, историска слика на градот, така и во однос на високата густина, отуѓеноста и изолацијата (токму како последица на таквата густина), споредени со некогашниот, помалку митологизиран начин на живеење и работа.

## ИАКО ГРАДБИТЕ НА НОВОТО, ТРАНЗИЦИСКО ВРЕМЕ ГО ОСВОЈУВААТ ПРОСТОРОТ НА ГРАДОТ, МОЌНАТА МОДЕРНИСТИЧКА МАТРИЦА И ПОНАТАМУ ПРОДОЛЖУВА ДА ДОМИНИРА СО ПАНОРАМАТА НА ГРАДОТ

Годините на распаѓање на социјалистичкиот општествено-политички систем, проследени со долгата транзиција кон либерален, капиталистички водат кон создавање сосема нови услови за развој на архитектурата на градот. Државата повеќе ја нема моќта да биде главен планер, финансиер и изведувач на изградбата, а во новите политики на управување со просторот не постои универзална идеја или наратив по прашањето на јавниот интерес или колективното добро. Пропаѓањето на системот на вредности конечно води кон замена на хуманистичкиот (модернистички) со либералниот (постмодернистички) наратив и постепено исчезнување на одредени урбанистички и архитектонски концепти за развој на градот, помеѓу кои и типологијата на вертикалните градби. Иако градбите на новото, транзициско време со несмалена брзина го освојуваат просторот на градот, исполнувајќи го со градбена супстанца без особен архитектонски квалитет, моќната модернистика матрица на скопските вертикали и нивниот изразит архитектонски карактер продолжува да доминира со панорамата на градот. Во таа смисла, мноштвото впечатливи архитектонски фигури на скопските висококатници се уште се наоѓаат во активна врска со структурата на модернистичкиот град, претставувајќи значаен елемент и на неговиот современ идентитет.
И самиот факт дека современото македонско општество веќе неколку децении се колеба околу идејата за прифаќање (или отфрлање) на сопственото модернистичко наследство, јасно говори дека модернизмот (Модерната) никогаш доволно не се вкоренил ниту во рамките на архитектонската (стручна), а уште помалку меѓу пошироката јавност. Сето наведено, заедно со празнината во соодветната научна област, беше доволен поттик за истражување на истакнатите примери на архитектурата на модернизмот меѓу кои значајно место зазема архитектурата на скопските вертикали – резултат на автентична архитектонска имагинација, која заслужува да биде извлечена од заборавот, соодветно препознаена, разбрана и вреднувана.



Станбени кули / ул. Методиј Шаторов Шарло бр.14 – бр.18 / архитекти: Драган Томовски, Никола Лагудин, Кирил Муратовски, Атанас Банчотовски, Василка Ладинска, Симеон Апостолски / 1975 година. Фото: Васе АМАНИТО



Станбени кули / улица Бојмија бр.2 - бр.8 / архитект Василка Ладинска / 1982 година. Фото: Васе АМАНИТО

# СКОПСКАТА ФУДБАЛСКА ПРИКАЗНА



Паметник за првиот фудбалски натпревар во Скопје, во 1909 година

Скопската фудбалска приказна почнува со натпреварот што во далечната 1909 година го одиграле две екипи турски војници во дворот на некогашната Учителска школа, денеска во близина на Генералштабот на АРМ. Оттогаш се поминати 109 години, а фудбалот во Скопје се уште е најомилената спортска игра. Во некои сезони со поголеми успеси, во некои со помали, скопските фудбалски клубови низ годините доминираат на домашната фудбалска сцена и прават обиди за влез во поголеми европски и светски натпреварувања. Верните навивачи се секогаш тука да го поддржат својот тим, зашто за својот тим се навива и кога победува и кога губи.
За сите вљубеници во фудбалот и за сите навивачи на скопските клубови, на наредните страници ви пренесуваме дел од скопската фудбалска приказна.

## СК УСКИП - ПРВИОТ ФУДБАЛСКИ КЛУБ ВО СКОПЈЕ

Не се знае точно кој ја донел првата фудбалска топка во Скопје, но се знае дека првиот фудбалски клуб е формиран во 1911 година со името СК Ускип (Скопје). По завршувањето на Балканските војни во 1915 година во Скопје бил формиран ФК Воиновиќ, во кој настапувале фудбалери кои играле и за загрепска Конкордија и БСК од Белград, а студирале надвор од Скопје. Тренинзите и натпреварите ги одржувале на полјаната кај поранешната Учителска школа.
Понатаму, во 1919 година се појавил уште еден клуб, ФК Напредок, а потоа и фудбалските клубови Зора и Братство, но набргу се споиле со Напредок. На првиот ден на Велигден на 20 април 1919 година ФК Напредок го одиграл првиот официјален плакатиран натпревар со клубот на офицери на англиската војска на кој Напредок победил со 2:0. Напредок во јуни 1919 година го одиграл и првиот меѓународен меч во Скопје со Макаби од Солун, забележувајќи победа од 7:0.
Фудбалот во Скопје станува се попопуларен и во 1921 година се формираат уште три клуба: ССК, Балкан и Победа. Балкан е првиот клуб од Скопје кој во 1922 година бил регистриран во „Белградскиот лопташки потсојуз". Победа, пак, тренирала и ги играла своите натпревари на импровизираното игралиште во центарот на градот, во близина на денешниот Зелен пазар.
Понатаму, во истата година, продолжува формирањето нови клубови во Скопје - Вардар од Топаана и ФК Граѓански. Нешто подоцна, Скопје добива уште еден клуб ФК Македонија, а потоа во 1924 година и ФК Спарта и популарната Слога од Чаир. Бил формиран и „Скопски фудбалски потсојуз" во кој членувале клубовите: Мачва, Црна Гора и Славија (1929), Олимпија, Југовиќ и Мач (1930), Хајдук (1931), Југ, Хаск и Рапид (1932), Синѓелиќ и Душан Силни (1935). Во 1937 година во Скопје бил формиран еден од најпознатите скопски клубови ФК Работнички.
ФК Граѓански е првиот клуб од Скопје кој во сезоната 1937/38 година непосредно пред почетокот на Втората светска војна играл во Сојузната лига на тогашното кралство Југославија со Хајдук од Сплит, Граѓански од Загреб и со БСК од Белград. Клубот се пласира на деветтото место со седум победи, два нерешени натпревари и три порази. Тренер на екипата бил познатиот Илеш Шпиц.
На 10 август 1941 година во Скопје бил формиран клубот Македонија кој играл во Националната лига на Бугарија, се до 1943 година. ФК Македонија своите натпревари ги играла на тогашниот стадион во градскиот


Првенците на ФК Граѓански

парк, изграден од дрвена конструкција и можел да прими едвај 5.000 гледачи. За ФК Македонија тогаш играле познатите Кирил Симоновски - Цина, Јане Јаневски, голманот Васил Димов, Стојан Богоевски - Гајда и други. При крајот на 1943 година била формирана Скопската лига во која учествувале Македонија, Слобода, Работнички, Шар, Победа, Вардар од Топаана, Ботев и Балкан, а во која првото место го освоиле фудбалерите на Македонија.

## ОТВОРЕНА ФУДБАЛСКАТА СЕЗОНА ВО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА


ФК Победа пред спојувањето со ФК Македонија

На 17 февруари 1946 година во Скопје официјално била отворена фудбалската сезона во слободна Македонија, со првенството на градот. Во првата група играле Македонија, Победа, Работнички, Единство и Шар, а во втората група настапувале Пролетер, Љуботен и Индустријалец од Ѓорче Петров. Македонија и Победа биле најуспешни, а Работнички преку квалификации во мечевите со Пролетер, заедно со овие два клуба, се пласирал во Првата Македонска лига која тогаш била формирана за првпат. Прв шампион на Македонија во фудбал станала Победа од Скопје, за која играле Ѓорѓи Цинциевски - Цинка, Христо Христовски - Мулац, Драган Георгиевски и други. Како првак на Македонија, Победа станала член на Првата фудбалска лига на Југославија во која во конкуренција на 12 екипи во натпреварувачката 1946/47 година го освоила осмото место со осум победи, шест нерешени натпревари и 12 порази, со гол разлика 41:49.
На 20 јуни 1946 година во Скопје бил одигран првиот ноќен натпревар меѓу Работнички и Македонија на кој победила Македонија со 1:0. Покрај теренот биле поставени 14 рефлектори од по 1.400 и 1.600 вати кои биле до-


Вардар - победник на Купот на Југославија


Фудбалерите на Слога Југомагнат, 1987 година

несени од Македонскиот театар.
Со решение на Фискултурниот одбор на Македонија стартувала Македонската лига со 10 клубови за сезоната 1946/47 во која играле Македонија, Работнички, Зафер и Единство од Скопје. Втор шампион на Македонија убедливо бил ФК Македонија со 6 бодови предност пред второпласираниот Работнички. ФК Македонија играл во квалификациите за настап во Првата лига на Југославија со Динамо од Панчево. Во Скопје клубот победил со 3:1, во реваншот загубил со 2:0, а во мајсторката во Зрењанин бил поразен со 2:1 и не се пласирал во Првата лига на Југославија. За ФК Македонија играле Јане Јаневски, Благоја Петровски - Бала, Саво Цветковиќ, Васко Кокиновки - Макара, Драган Геров – Гагуш и други.
Фудбалскиот сојуз на Југославија по првенството на Првата југословенска лига сезона 1946/47 донел одлука лигата да се намали од 14 на 10 клуба, а Победа да ја


Шампионскиот тим на Вардар - сезона 1986/87

напушти лигата. Но, клубот Македонија добил нова можност да игра квалификации за влез во лигата. Тогаш Македонскиот сојуз донел одлука да се спојат фудбалските клубови Македонија и Победа што е и направено на 19 јуни 1947 година кога е формиран најтрофејниот фудбалски клуб во Македонија – Вардар од Скопје. Во квалификациите за Првата лига ФК Вардар во првиот меч во гости во Нови Сад одиграл нерешено 1:1 со ФК Слога (подоцна ФК Војводина). Единствениот гол за ФК Вардар го постигнал Саво Цветковиќ.
Во реваншот во Скопје ФК Вардар повел со голот на Саво Цветковиќ за 1:0, но гостите незадоволни од одлуката на судијата што го признал голот го напуштиле теренот и ФК Вардар станал член на Првата лига на Југославија во која со години играл со голем успех, се до осамостојувањето на нашата држава.

## ВАРДАР ПОБЕДНИК НА КУПОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА

Вардар бил победник на Купот на Југославија „Маршал Тито“ во 1961 година. Во тој состав играле: Тоде Георгиевски, Благоја Вучидолов, Петар Анѓушев, Славко Дацевски, Драган Трајчевски, Часлав Божиновски, Владо Николовски, Стојан Велковски, Андон Дончевски, Мирко Илиевски, Петар Шулинчевски. Во финалето на купот, ФК Вардар го победил ФК Вартекс од Вараждин со 2:1.

ФК Вардар својот најголем успех го постигнал во сезоната 1986/87 кога станал шампион на Југославија. Шампионскиот тим на Вардар ги вбројува Момчило Грошев, Вујадин Станојковиќ, Миле Симовски, Венцислав Симоновски, Никола Аврамовски, Илија Најдоски, Тони Савевски, Драган Канатларовски, Петар Георгиевски, Бобан Бабунски и Дарко Панчев.

Најголемиот успех до денес во меѓународните натпреварувања ФК Вардар го постигнува во сезоната 2017/2018 кога се пласираше во групната фаза во натпреварувањата од Лига Европа, совладувајќи го во плеј-оф натпреварот турскиот гигант Фенербахче, од Истанбул.

Еден од најстарите скопски фудбалски клубови Работнички играл на двапати во Првата лига на Југославија во 1952 година и во сезоната 1953/54, со добар тим предводен од Војче Димитровски, Божо Вучиновски, Спире Петровски, Доксе Дамјанов и други.

Во Европските купови настапувала и ФК Слога од Чаир, подоцна Слога Југомагнат, а денес Шкупи. Трипати последователно Слога била шампион на Македонија во 1999, 2000 и во 2001 година, како и победник на Купот на Македонија во 1996 година. Во тој шампионски тим играле Липовски, Мемеди, Бекири, Шабани, Бегановиќ, Аломеровиќ. Клубот за првпат се појавил на европската сцена во 1996 година во Купот на победниците на Куповите против унгарски ФК Хонвед.


Стадионот во Чаир

Од скопските клубови во квалификациите за Европските купови играле и фудбалскиот клуб ФЦУ 55, подоцна Цементарница. За Цементарница тогаш играле Кметовски, Чолаковиќ, Бегановиќ, Вандаир, Гроздановски, Блесинг...

Фудбалскиот клуб Македонија Асиба од Ѓорче Петров е петтиот клуб од Скопје кој една година играл во Интертото купот против ФК Олимпија и ФК Бастија во 1998 година. Во Купот на УЕФА играл и фудбалскиот клуб Металург од Автокоманда, почнувајќи од 2011 година кога и го освоил Купот на Македонија.

## КЛУБОВИ ВРЕДНИ ЗА ПАМЕТЕЊЕ

Во поранешните лиги на Југославија од скопските фудбалски клубови покрај Вардар и Работнички играле и фудбалските клубови Милиционер (подоцна Динамо), МИК (претходно Индустријалец, денешно Скопје), Металург и Балкан. ФК МИК имал силен тим предводен од голманот Лазов, Боро Узунов, Љубиша Николиќ, Едвард Палиќ, Васил Зигоманов, додека за Металург настапувале Неџат Шабани, Саше Ќириќ, Злате Милосовски, Борче Сетинов, Мијалче Михајлов, Антонио Филевски. Во Балкан покрај другите играле Цене Александровски, Дејан Кускински, Љупчо Рафевски, Гоце Димовски.


Јужната трибина на Градскиот стадион во `90-те години

Да не ги заборавиме и настапите на фудбалските клубови Металец, формиран во 1946 година, за во 1964 да се спои со ФК Индустријалец. За клубот играле Ѓорѓи Цинциевски, Јово Никушев, Томе Димовски, Цеко Видински, Никола Саревски.

Од другите скопски клубови што играле во македонските лиги ги споменуваме и Алумина, Маџари – подоцна Маџари Солидарност, Треска, Трговски, Ударници, Фас 11 Октомври, Фортуна, Еуромилк ССК, Текстилец, Студент, Зафер, Братство Единство, Славија. Во пониските лиги на град Скопје настапувале и: Пиварница, Полет, Поштар, Пролетер, Слобода, Клуб на глувонемите, Торпедо, Хунап, Наша Крила, Новинар, Комуналец, Кожарец, Југ, Југопетрол, Карпош 3, Дрводелец, Влае, ГСП, 22 Декември, Ванила, Градител и Алфос.

Во Скопје има повеќе стадиони на кои можат да се играат натпревари од Првата и од Втората лига. Тоа се градскиот стадион „Арена Филип Втори Македонски“, стадионот „Борис Трајковски“ во Маџари, стадионот во Чаир, стадионот во Ѓорче Петров, стадионот на Цементарница, како и стадионите во Горно Лисиче, на Локомотива и на Алумина во Карпош.

РАЗГОВАРАВМЕ СО ЃОРЧЕ СТАВРЕСКИ, РЕЖИСЕР НА ФИЛМОТ „ИСЦЕЛИТЕЛ“

# ТАЈНАТА СОСТОЈКА ШТО ГО ОСВОИ СВЕТОТ

Тој е еден од најнаградуваните македонски филмови. За само неколку месеци филмот „Исцелител“ ги освои срцата на гледачите, но и гласовите на жири комисиите на престижни светски фестивали кои му доделија многубројни награди. Приказната за механичарот од железничкото депо, кој немајќи пари да купи лекови му дава на татко му колач направен од украдена марихуана за да му ги ублажи болките од рак и кој станува мета на криминалците коишто си ја бараат дрогата назад, но и на соседите кои во него гледаат исцелител, не залепи за седиштата во киносалите и ја размрда македонската филмска сцена.

За инспирацијата, за изборот на локациите за снимање, за духот на скопските населби пренесен на филмското платно и за успесите на „Исцелител“ во ова интервју разговараме со режисерот и сценарист, Ѓорче Ставрески.

**Во филмот може да се забележат многу скопски локации. Како ги избиравте локациите? Дали имаат посебно значење за Вас тие места?**

- Локациите се избираа според приказната која беше сместена во Скопје. Одлуката за железничкото депо беше лесна бидејќи тоа е најблиското депо во градот. Следното е во Велес. Зградата на Веле и населбата во која живее беше потешко да се лоцира. Гледавме различни маала, згради и станови. Едно време ги „меркавме“ преубавите модернистички станови во Градски ѕид кои нудат богатство на визури и агли бидејќи се широки и убаво проектирани. Меѓутоа се откажавме бидејќи, иако остарени, изгледаа раскошно во контекст на социјалната приказна која ја обработувавме. На крај се решивме за една симпатична зграда во Автокоманда со специфични „мостови“ кои водат до влезовите и мислам дека не згрешивме. Беше многу соодветна на приказната. Најголем проблем беше локацијата на кампот „Крани“ во филмот за која на крај решивме дека не треба да се сними во истоимениот камп на Преспанското езеро, бидејќи кампот е целосно различен од тој што го памтам јас како дете. Езерото „Треска“ изгледаше посоодветно за приказната, а сепак, многу блиску до Скопје.

**Голем дел од дејствието во филмот се одвива во Автокоманда, како помага во раскажувањето на приказната?**

- Како што кажав погоре, населбата беше многу инспиративна. Автокоманда е преубава населба, еден микрокосмос кој изобилува со згради, паркови, игралишта и еден шармантен мир кој го нема во центарот на Скопје. Нормално, има исти проблеми како и поголемиот дел од населбите во Скопје, а тоа е застарената инфраструктура, распаднатите фасади и население кое живее под работ на сиромаштијата. Сепак, за потребите на филмот беше идеална и речиси сите „маалски“ сцени се снимија во околината на реалната зграда, така што не моравме да импровизираме и да создаваме „филмски“ простор. Буквално се се сними тука, на стотина метри растојание од станот на главниот јунак.

**Колку Скопје Ве има инспирирано за темата, сценариото, сликите?**

- Јас сум израснат во Скопје и си го сакам со сите маани и доблести. Трагедијата „Скопје 2014“ ми нанесе голема болка и тоа се појави во една од сцените кога Веле и Јана седат на нивното место под елегантниот модернистички мост „Гоце Делчев“ и го гледаат стиропор-барокниот постар-и од-стариот театар на МНТ. Ама кога тргна да се уништува, немаше крај. На пример, никогаш не сфатив зошто е „неоформен плоштадот“ кој мене многу ми се допаѓаше што е широк и просторен, или зошто мораше до таа мера да се уништи Дебар Маало и другите автентични скопски населби. Во последниве десетина години многу луѓе со омраза зборуваа за се што се изградило после земјотресот, нудејќи ја тезата дека тоа е демек лошата безлична архитектура на социјализмот наспроти непогрешливиот неокласицизам (читај: барок) на минатото, не сфаќајќи дека постземјотресната модернистичка архитектура во тој период беше во духот со светските случувања, чија силина се потврди со изложбата на архитектурата на Југославија во музејот МОМА во САД.

**Не можеме да избегнеме уште еден актуелен елемент, Вашиот филм е првиот кој после „Пред дождот“ се прикажува во Грција. Каков беше приемот таму?**

- Голем успех е што филмот се најде во кино дистрибуција во Грција, и тоа особено во овие деликатни моменти со актуелизирање на проблемот со името. Бев на премиерата и уживав. Реакциите беа предобри, бев поканет









Филмот „Исцелител“ е прва македонско-грчка копродукција. Светската премиера на филмот беше на „Солунскиот филмски фестивал“ на 9 ноември 2017 година, домашната на „Синедејс“ во Скопје на 19 ноември, а интернационалната во Талин на престижниот фестивал од А-категорија — „Црни ноќи“ на 25 ноември 2017 година. Филмот „Исцелител“ ја доби престижната награда од публиката на „Солунскиот филмски фестивал“, која е воедно и прва награда на овој фестивал воопшто доделена на македонски филм.

Филмот ја доби специјалната награда од жири за сценарио на Медитеранскиот филмски фестивал во Брисел, наградата за најдобар филм на филмскиот фестивал во Санта Барбара, САД, специјалното признание од жирито на Балканската програма на филмскиот фестивал во Софија, главната награда за најдобар филм на Бергамо Филм Митинг, Италија, специјалното признание од жири на Франкофилм во Рим, наградата за најдобар филм на Филмскиот фестивал во Обањ, Франција, наградата за најдобар филм на Let's CEE во Виена и специјалното признание од Синеплекс на Let's CEE во Виена, во април годинава.

на многубројни интервјуа, имаме одлични рецензии, а ќе го издвојам шармантниот коментар на еден помлад колега кој рече дека ова е „најгрчкиот негрчки филм кој го гледал“ (многу иронично и смешно во контекст на името), алудирајќи на сличните проблеми со кои се соочуваат луѓето во Грција, духот на луѓето, распаднатото здравство, хуморот, па дури и масовната појава на лажни Исцелители.

**Освоивте многу значајни награди на филмските фестивали. Колку е тешко малите земји да се промовираат на светската филмска сцена?**

- Фестивалите се енигма. Не сум сигурен колку е битна големината на земјата за успехот, меѓутоа низ годиниве сфатив дека понекогаш не е битен ни квалитетот. Веројатно, најбитни за успешната промоција се темите кои се почесто се диктирани од селекторите и директорите на фестивалите, до таа мера што понекогаш имам чувство како ние филмаџиите да сме дел од еден час на почеток на школската година на кој сме добиле задача да напишеме писмена со наслов „како го поминав летниот распуст“, и на тој што му е досадна темата, па сака креативно да ја сврти на друга страна дискусијата, ќе си добие „кец“ бидејќи ја утнал темата. Без разлика, со „Исцелител“ не можам да се пожалам. Добивме толку многу признанија и фестивали што ги урна сите мои очекувања.

**Како странските гледачи се идентификуваат со филмот?**

- На мое задоволство филмот допре многу различна публика од најразлични култури на земјинава топка, и скоро од сите приказната беше одлично прифатена и разбрана блиску до мојата замисла. Тоа е големо задоволство бидејќи укажува на фактот дека нејзините рамки се горе-долу универзални.

**По успехот на „Исцелител“, дали да очекуваме некоја нова скопска тема?**

- Се уште одмарам и размислувам. Ќе видиме набрзо.



фото: Драгица Николовска

# Чувај го паричникот, чувај ја животната средина

- Половина од оние кои одат на работа со автомобил во Скопје дневно проаѓаат само 5 километри.
- Годишно би избегнале да возите над 2.600 километри со автомобил до работа
- Заштедата е 210 литри гориво или 15.000 денари
- Во воздухот би се испуштиле над 500 килограми $CO_2$ помалку



## Вози велосипед!
## Заштеди време и пари.

# Чувај го паричникот, чувај ја животната средина

- **Патници:** 1 автобус заменува до 50 автомобили
- **Гориво:** 1 автобус троши 40л/100км, 50 автомобили трошат 400л/100км
- **Време:** Со автомобил се трошат 30-60 минути да се извозат 5км и да се најде паркинг
- **Пари:** Возење автомобил е 10 пати поскапо



**Користи јавен превоз! Побрзо, поекономично и поеколошки.**

### ОДБЕЛЕЖАНИ 55 ГОДИНИ ОД КАТАСТРОФАЛНИОТ СКОПСКИ ЗЕМЈОТРЕС

# ЗБОРУВА СКОПЈЕ – ДА ГО ЧУВАМЕ И САКАМЕ НАШИОТ ГРАД

Со дваесетина културни настани, изложби, перформанси, музика и активизам во деновите од 23 до 26 јули Град Скопје ја одбележа 55-годишнината од катастрофалниот земјотрес што го погоди градот во 1963 година. Манифестацијата „Зборува Скопје" во текот на овие четири дена ги обедини ликовната, театарската, филмската и мултимедијалната уметност и испрати порака дека не сме ја заборавиле поддршката што пред 55 години ја добивме од целиот свет и дека го сакаме нашиот град, неговата култура и уникатната урбаност која ќе ја негуваме во иднина.

## СОЛИДАРНОСТА СЕ ВРАЌА ДОМА




Во рамки на одбележувањето на 55-годишнината од катастрофалниот скопски земјотрес, под мотото „Солидарноста се враќа дома", на 23 јули 2018 година беше одбележано враќањето на буквите од пораката на Јосип Броз Тито на источната страна на Музејот на град Скопје.
Станува збор за пораката која претседателот на СФРЈ ја кажал на 27 јули 1963 година, ден по катастрофалниот земјотрес, а која гласи: „Скопје доживеа невидена катастрофа, но Скопје повторно ќе го изградиме со помошта на целата наша заедница. Тоа ќе стане симбол на братството и единството, на југословенската и светската солидарност."
- Пораката која долго сведочеше за солидарноста што Скопје ја доби од светот и беше препознатлив нераскинлив дел од Музејот од денеска повторно се враќа на своето место. Тоа им го должиме на сите хумани луѓе кои со својата несебична поддршка им помагаа на скопјани во тешките моменти по земјотресот. Тоа му го должиме и на Торвалд Столтенберг, почесниот граѓанин на Скопје, човекот кој ја координираше хуманитарната акција на Норвешкиот Црвен Крст наменета за нашиот град. Затоа пред 10 години Столтенберг беше прогласен за почесен граѓанин на Скопје и затоа денес најмалку што можеме да направиме во негова чест е некоја улица во Скопје да го носи неговото име. Не смееме да ги заборавиме овие луѓе. Немаме право на тоа. Должни сме да го негуваме спомент на нивната солидарност и со враќањето на пораката на Тито го правиме токму тоа – им се оддолжуваме за се што направија за нас пред 55 години, во најтешките моменти во современата историја на нашиот град – рече на свеченоста градоначалникот Шилегов.

## РУТА НА СОЛИДАРНОСТА НИЗ СКОПЈЕ



На 24, 25 и на 26 јули граѓаните и посетителите на Скопје имаа можност со автобуси панорамски да го разгледаат Скопје со фокус на случувањата поврзани со катастрофалниот земјотрес во 1963 година. Почетна станица на Рутата на солидарноста беше местото каде што е родена Мајка Тереза, поточно паркчето пред зградата на ЕВН на плоштад. Потоа, автобусот се движеше покрај Старата железничка станица, кон населбите Тафталиџе 1 и 2 (населби изградени со помош на светската солидарност), покрај

улиците Варшавска, Прашка, Лондонска, Осло, Хелсинки, преку Московска по булеварот Партизански одреди поминуваше спроти поликлиниката „Букурешт“ (подарок од Романија), покрај местото на уништените блокови во Карпош 2, па покрај Универзална сала (подарок од Бугарија), па покрај блоковите од Градски ѕид (проект на архитектот Кензо Танге), па покрај стариот театар и околу зградата на МОБ, за да заврши повторно на плоштад кај родната куќа на Мајка Тереза.
Оваа прошетка ја организираа ЈСП Турс, ЈСП Скопје и Град Скопје.

## НИЗ ОЧИТЕ НА МЛАДИТЕ УМЕТНИЦИ



Галеријата на графити во Градскиот трговски центар на 25 јули годинава беше домаќин на централниот настан во рамките на манифестацијата „Зборува Скопје“ со која беше одбележана 55-годишнината од катастрофалниот земјотрес.
- Во само едно деноноќие на 26 јули 1963 година, отсликана е сета егзистенцијална, лична и колективна драма која сведочи за трагиката на човековото постоење. Оттука, да се зборува за кобниот 26 јули 1963 година, прераснува не само во носталгија по старо Скопје, туку и во етички императив кој и денес е дел од животот во градот. Посакувам, никогаш повеќе градот Скопје да не се бори со природни катастрофи од вакви размери, како што беше земјотресот од 26 јули 1963 година. Да шири оптимизам и да настојува, во нашата средина да завладее една поинаква перцепција на нештата кои се нераскинлив дел од развојот на овој град. Од денешна перспектива, градот Скопје е потврда на кажаново, а воедно е и голем поттик и обврска на сите нас заедно, да го чуваме и да го сакаме нашиот град – рече Шилегов.
По катастрофалниот земјотрес први кои им пристигнале на помош на скопјани биле граѓаните од поранешните југословенски републики, а веднаш потоа почнала да пристигнува помош и спасувачки екипи од целиот свет.
- Дури 87 нации испратиле најразлична помош и помогнале во изградбата на новото Скопје – „Градот на солидарноста“. По земјотресот новото Скопје со својата култура, урбано-економска, географско-просторна, демографска и културолошка специфичност, станува модерен град – нагласи Шилегов.
Присутните граѓани во Галеријата на графити имаа можност да ја погледнат и проекцијата на краткометражниот филмски колаж на младата режисерка Дина Дума насловен како „Скопје сонува“ и перформансот „Тивка реконструкција на земјотресот“ на Билјана Радиноска, како и да се забавуваат во музичката програма „Разговор со смисла“, односно со концерти на Mammoth & Yashem, Тодор Караколев, импров сесија со музичари од новата скопска сцена.

## СКОПЈЕ СЕ РАЗБУДИ ВО 5:17 ЧАСОТ СО ЗВУКОТ НА СИРЕНИТЕ




На 26 јули годинава Скопје се разбуди во 5:17 часот наутро со звукот на сирените, во знак на потсетување на катастрофалниот земјотрес што се случи пред 55 години, на истиот датум, во истиот час. Група урбани уметници од Центарот за современи уметници реализираа аудио акција точно во 5:17 часот на пет различни локации низ градот и ги потсетија скопјани на точното време на трагичниот настан.
Со оваа аудио акција, урбаните уметници дадоа нивен оригинален придонес во оддавањето почит на жртвите во земјотресот и внесоа нова димензија во одбележувањето на оваа скопска трагедија.

## ЦВЕЌЕ ВО ЧЕСТ НА ЗАГИНАТИТЕ ВО ЗЕМЈОТРЕСОТ



На 26 јули годинава на градските гробишта во Бутел домашни и странски делегации положија цвеќиња пред Споменикот на загинатите во катастрофалниот скопски земјотрес. Во чест на загинатите, венец положи и официјална делегација на Град Скопје, предводена од градоначалникот Петре Шилегов, како и делегација на Советот

на Град Скопје.
Со положување цвеќиња почит на жртвите во земјотресот оддадоа и делегација од кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија, делегација од кабинетот на претседателот на Собранието на Република Македонија, претставници од политичките партии, делегации од сите општини во градот Скопје, претставници од Црвениот крст на град Скопје и на Република Македонија, делегација на АРМ, претставници од јавните претпријатија и културните установи на Град Скопје и граѓани.
Цвеќиња положија и официјални делегации од странство, меѓу кои делегација од Соединетите Американски Држави, Кина, Франција, Холандија, Руската федерација и делегација од Европската Унија.

## ИЗЛОЖБАТА КОЈА НЕ ПОТСЕТИ НА СОЛИДАРНОСТА ШТО ГО ИЗГРАДИ НОВОТО СКОПЈЕ



Изложбата „Од братство и единство `63 до Скопје `63“ на фотографии, архивски материјали и експонати од младинските работни акции и бригади врз чии плеќи се издигна новото Скопје што на 26 јули беше отворена во Музејот на град Скопје го означи крајот на серијата настани наречена „Зборува Скопје“.
- Музејот на Град Скопје преку оваа изложба успеа да ни ја доближи претставата за дадената помош од младинските бригади од сите републики на поранешна Југославија кои со својот волонтерски труд го понесоа најголемиот дел од товарот при расчистувањето на урнатините и изградбата на голем дел од објектите на новото Скопје. Младите од цела Југославија ги подигаат првите населби за граѓаните кои останале без своите домови, учествуваат во борбата за спасување човечки животи под урнатините, во погребувањето на загинатите, но и во многу други работни акции каде што итно биле потребни работни сили – рече градоначалникот Шилегов, на отворањето на изложбата.
Тој го изрази своето задоволство што дел од учесниците во овие бригади беа присутни во Музејот и им порача дека оваа изложба по повод 55-годишниот јубилеј е само мал знак на благодарност за нивната несебична помош во обновата на Скопје и дека нивниот труд вечно ќе остане вграден во ликот на новото постземјотресно Скопје, а со тоа и дека вечно ќе биде дел од сеќавањата на сите жители на градот и мотив да продолжи непрекинатата борба за ново, модерно и урбано Скопје.
- Скопје е град за сите. Скопје е град и за оние што се родиле тука, за оние што се доселиле, но и за оние што вложувале, вложуваат и ќе вложуваат дел од себе во неговите убавини. Скопје отсекогаш било и ќе остане наша заедничка радост – порача Шилегов.
На изложбата присуствуваа и претставници на акцијашите од многу држави од поранешна Југославија, кои уште во вториот ден по катастрофата во 1963 година дошле да помогнат во расчистувањето на урнатините. За нивните напори, заложби и несебична помош градоначалникот Шилегов им додели благодарници.
Присутните граѓани во Музејот на град Скопје вечерта можеа да го проследат и поетското читање под мотото „За Скопје кое го сакам“ на Организацијата на жените на град Скопје, како и да ги погледаат филмовите од Кинотеката на Македонија за СКОПСКИОТ ЗЕМЈОТРЕС.
Истата вечер во Музејот на современа уметност беше отворена изложба на дела од грчки автори, а во Младинскиот културен центар имаше проекции на серијата „Досие Скопје“ и богата музичка програма. Традиционално, на 26 јули се одржа и крводарителската акција организирана од Црвен крст на град Скопје, а организациониот одбор положи цвеќе пред споменикот на загинатите во земјотресот на градските гробишта во Бутел.





# ROMA ROCK SCHOOL – ОВА Е НИВНАТА ПРИКАЗНА!

## РОМИТЕ И МУЗИКАТА

На голем број Роми во минатото основен извор за егзистенција и опстанок им била музиката. Тие биле забавувачи кои употребувале различни инструменти, пееле и танцувале со цел да заработат за своите семејства. Речиси никој од нив немал соодветна едукација за инструментите, но и покрај тоа тие совршено владееле со своите инструменти учејќи од своите предци без да поседуваат никакво елементарно знаење за читање ноти. Тие ја користеле нивната надареност, напорна работа, смисла за музика и огромниот музички слух.

До ден-денес не е сменето многу, ниту пак е направено нешто со цел да се поттикне, зајакне, охрабри, мотивира или стимулира музичкиот талент на Ромите. Откако е основан Факултетот за музичка уметност во Скопје во 1966 година и Музичката академија во Штип во 2007 година, до денес, во Македонија од вкупно 53.879 жители Роми (а според проценките на Советот на Европа оваа бројка изнесува меѓу 134. 000 и 260. 000), дипломирани Роми на факултетите за музичка уметност има само 12.



## КОЈ Е ПРОБЛЕМОТ ИЛИ ПРЕДИЗВИКОТ?

Иако Шуто Оризари има многу интелигентни и талентирани млади луѓе, пристапот до музички инструменти и часови по музика поради сиромаштијата на нивните родители е оневозможен. Парадоксот е очигледен: лошата економска состојба на родителите ги ограничува образовните можности на децата, според кои музичкото образование претставува сон што е невозможно да се реализира.

## КАКО СЕ РОДИ ИДЕЈАТА ЗА RRS?

Главната мотивација за основање на ова здружение е неспорниот музички талент на Ромите како заедница. Но, покрај тоа што Ромите се музички талентирана заедница, сепак бројот на музички образовани Роми, за жал, е многу мал. Токму тоа е и една од главните цели на „Roma Rock School", зголемување на бројот на музички образовани Роми.

Познато е дека Ромите својот музички талент го изразиле во многу музички правци, но досега никогаш не е направен спој помеѓу рок, хеви метал, прогресив рок и традиционален ромски мелос. Фокусот на „Roma Rock School" е токму тоа – да создаде еден сосема нов правец во музиката.

## ПРОЕКТ „ROMA ROCK SCHOOL"

Проектот Roma Rock School беше финансиран од швајцарската организација FRIEDENSBRUGG (Bridge of Peace) и траеше од септември до декември 2017.

Целта на проектот беше формирање рок бенд со млади талентирани ученици Роми, надоградување на нивното музичко образование, особено од областа на рок музиката.














Тимот на Roma Rock School на 15.09.2017 во ОУ „Браќа Рамиз-Хамид“ организира аудиција за музички талентирани ученици на која се пријавија 17 ученици. За членови на Roma Rock School бендот беа избрани 6 ученици:

1.Валентино Аљуш – Гитара/Вокал
2. Мелас Сејфулов – Гитара
3. Омер Шабан – Кларинет
4. Самуел Сулејман – Пијано
5. Ѓолхан Абдиев – Тапани/Перкусии
6. Трајман Вејсел – Тапани/Перкусии

Учениците под менторство на Неврус Бајрам и Алвин Салимовски три месеци вежбаа и создадоа на еден начин нов жанр музика – рок песни од светски познати рок бендови со примеси од ромската традиционална музика.

Некои од нив воопшто немаат музичко образование, а дел од нив посетувале нижо музичко образование, но никогаш немаа можност да свират пред публика и да го покажат својот талент, да свират на концерт, да вежбаат во музичко студио и да свират заедно со познати личности од музичката рок сцена во Македонија.

За да се оствари целта од проектот секојдневното вежбање беше неопходно за што тимот на Roma Rock School обезбеди согласност од родителите на членовите од бендот и воедно од тимот на учениците им беше поставен услов доколку сакаат да бидат членови на рок бендот треба да постигнат успех со просек од најмалку 3,5. Овој услов беше мотивација за постигнување подобар успех во училиште, а воедно мотивација да бидат членови во бендот.

Од тимот последните неколку проби беа организирани во музичко студио со менторство на познат рок пејач од македонската сцена, што за членовите на бендот беше вистинско изненадување и можност да свират во вистинско музичко студио, за што реално, доколку не беа членови на Roma Rock School не би ја имале таа можност.

Завршниот концерт на ROMA ROCK SCHOOL се одржа на 16.12.2017 година во Маракана, Скопје и присуствуваат околку 300 гости што за нас навистина беше огромно изненадување и задоволство. Присуствуваа претставници од амбасади, невладини организации, наставници и професори од музички училишта, претставници од мировен корпус во Република Македонија и огромен број гости кои беа пријатно изненадени од миксот на рок музика со елементи на традиционална ромска музика.

# #ЗАПОЗНАЈ ГИ скопјани

#Запознајгископјани е иницијатива покрената од Скопје Лаб - Центарот за иновации на Град Скопје. Целта на оваа иницијатива е прикажување на моменталната слика за Скопје и приказните на граѓаните што живеат и работат во главниот град. Волонтерите на Скопје Лаб собираат кратки изјави и фотографии од случајни минувачи низ градот, кои зборуваат за реалните проблеми кои постојат во него. Нивната мотивација е овој проект да ги доближи самите скопјани до нашето Скопје. Ова се нивните чувства, доживувања, желби и сугестии за Скопје.



„Скопје е град за младинска, културна преродба. Најчесто не потсетува на дом, Македонија,Карпош 1 и 3, Дебар Маало, МКЦ, Црно, Парк, Скопско, бетон, а најважно на ЉУБОВ и ДУПЕР. Овој град поседува слобода, различности, но и несовршености. Нешто што навистина му фали е чист воздух, сообраќајна култура, поголема почит кон велосипедистите и нивните патеки, поголем оптимизам, повеќе музика и трафики кои работат 24 часа. Уствари го сакаме Скопје таков каков што е! Треба да се зајакне проактивноста на младите и нивната креативност. Многу повеќе да се натпреваруваат, но и да се поддржуваат во секоја сфера. Културниот и ноќниот живот тука е единствен. Секогаш има каде да се оди, никогаш не е досадно. НИЕ како ДУПЕР дефинитивно досега имаме простор за да се изразиме во градов, за понатаму ќе видиме. Секако ДУПЕР го гледаме во градов како нешто ново и интересно, како успешен бенд...“ **ДУПЕР**



„Јас сум од постарата генерација, во мое време животот на друг начин се посматраше, а не како сега. Не сум роден во Скопје, но добро се чувствувам во него. Јас од младост сум тука, го знам од кога беше старо и неразвиено, па до сега. Ми пречи сообраќајот во овој град, многу е напнат. Има голема некултура, и возачите и пешаците се многу некултурни и необразовани. Би сакал да има некој мини Дизниленд или некои паркови за младите да ги избегнат пороците. Исто така, ако постои и се направи вардарска долина од Солун до Дортмунд ќе биде од големо значење за сите народи и држави, просперитетно е...“ **Стар трговски патник**

„Го сакаме Скопје, тука сме родени, израснати, остарени.. Скопје е нашиот роден град. Иако, сме виделе доста работи сакаме нешто ново. Некои нови убави градби, музеи, нешто интересно. Ние не се движиме многу и тешко е да кажеме што да се промени, но имаме желби да има повеќе клупи каде што ќе можеме да седнеме, повеќе корпи за отпадоци, повеќе дрвја и вакви паркови. Ние сме стари баби, скопјанки...“ **Љупка и Љубинка**





„Скопје – дом, детство, искачање, убави спомени. Кога не сум во Скопје ме фаќа носталгија. Едноставно се чувствувам многу комфорно кога сум тука. Сметам дека човек ако се чувствува опуштено негде, во некој простор, тој може да дојде до својот најголем потенцијал. Јас така го чувствувам градов. Некако не ми се свиѓаат различните карактери во Скопје, но сум запознала многу луѓе што дефинитивно ми го смениле животот и токму со тоа го поврзувам и градот. Оние моменти што сум ги споделила со луѓето, блиските, пријателите... Да ја имав силата за променување нешто, најпрво би го сменила начинот на воспитувањето на децата бидејќи од тоа почнува и понатаму продолжува сé. Нешто друго што би променила е дефинитивно јавниот превоз. Возејќи се низ доста други градови сфаќаш колку уствари е битен јавниот превоз, неговиот изглед, неговата брзина и организираност. Всушност, многу менува јавниот превоз, односно целата циркулација низ градов. Да може секој да си заврши одредена работа без никакви нервози користејќи единствено јавен превоз. Башка луѓето би биле попродуктивни, среќни и насмеани без таа тензија што реално постои. Но, ова само може да чекаме да го променат оние што се на власт бидејќи ние ништо не можеме да направиме. Секако ни фали и повеќе културен живот, концерти, бендови, настапувачи, малце да се издигне културно Скопје. Омилено место дефинитивно е Парк и мислам дека знаеме зошто...“ **Потенцијална гемиџијка**



„Дефинитивно Скопје не ми пружа funky-disco журки, цел ми е да направам јас една сам, може кој сака да ми се придружи. Во тој контекст да направиме нешто што ќе биде од забавен карактер каде што луѓето ќе бидат слободни. Да се заиграме како што ни доаѓа, колку и тоа чудно и будалесто да изгледа. Да бидеме без констрикции од нечија осуда, без срам од околните очи. Да играме како никој да не гледа. Безгрижно да си шизиме. Поконкретно зашто не сум задоволен од Скопје?! Живеам во Дебар Маало. Дебар Маало е комплетна катастрофа и треба да се запре цело градење. Треба да се сруши пола Дебар Маало пошо е клаустофобично, а научно докажано е дека високите згради, односно урбанизацијата доведува до висока стапка на депресија и самоубиства. Нешто што сакам да видам у Скопје се повеќе зелени површини, паркови... Немам видено тревник у градов. Сакам куќи со дворови. Сакам дворови со градини. Сакам згради комунистички обраснати со ползавци. Го обожувам тој контраст на сувиот сив симплицитет, и неговото покорување од природата. Значи, сакам зелено, да го обраснеме цел град, и да се воодушевуваме на убавината на природата. У последно време Кале почна да ми станува најомилената работа во Скопје, не знам зашто, а и кога ќе ми спомонеш Скопје прво тоа на ум ми паѓа. Можеби затоа што кога идам накај факултет пешки, го гледам. Исто и на Водно се потсеќам кога ќе ми споменат Скопје. Мислам дека треба како наши симболи да ги гледаме овие две нешта...“ **Визионер**

**На овие страници изјавите на скопјани се пренесени автентично*

#ЗапознајгиСкопјани може да ги следите на:

Инстаграм: www.instagram.com/zapoznajgiskopjani/

Фејсбук: https://www.facebook.com/skopjelab/

# ГРАДОТ УБАВ ПОВТОРНО НИКНА

На иницијатива на архитектот и уметник Филип Конески, а во организација на Младинскиот културен центар, Град Скопје и Градски трговски центар – Скопје, се реализираше првата галерија на отворено, насловена „Градот убав“, која е посветена на уличната уметност и графити културата.

Како дел од програмата CreArt (Network of Cities for Artistic Creation), во сутеренот на ГТЦ, кај автобуската постојка, се интегрираше галерија во која 21 автор создадоа свои дела кои дадоа нов, свеж дух и автентичен белег на еден од најзначајните објекти од современо Скопје.

Со свои дела учествуваа:

Антонио Илиевски - Pig Hands, Блаже Атанасков - Name, Давор Кешкец, Драган Китановски – Драш, Ермал Мусовиќ - nak47, Васил Димовски – Страјк, Цветан Неделковски – Хром, Ирина Цоневска, Иван Петрушевски – FLIM, Марјан Димиќ – Мачка, Мирослав Грчев - Miro Miks, Младен Трендевски – Трендо, Сали Ертунч, Сања Симоска, Селмир Алими – ESIEM, Михаил Галевски - MG. MORGAN, Зоки Мише – SHUMA, Трајче Павлов - .TAC., Владимир Милиќ - Вутар ЕБСФ, Воскресија Андреевска и Филип Конески.

Авторите беа избрани на повик кој беше распишан од Младинскиот културен центар и тој беше отворен за домашните ликовни уметници и автори од полето на уличната и графити уметност. Целта на оваа интервенција беше да се даде простор на домашните автори да реализираат дело посветено на Скопје, кое оваа година одбележува 55 години од обновата по катастрофалниот земјотрес од 1963 година. Покрај промоцијата на домашните уметници пред јавноста, со оваа интервенција му се даде дополнителна функција на овој архитектонски атрактивен простор.

Настанот се реализираше на 15 и 16 јуни, а на 17 јуни 2018 година се случи официјалното отворање на галеријата. „Градот убав“ е темата со која го започнуваме овој уникатен културен проект.

Следуваат куси интервјуа со некои од авторите кои учествуваа во создавањето на „Градот убав“:



## МЛАДЕН ТРЕНДЕВСКИ – ТРЕНДО:

Како што и кажавте еден од малкуте сочувани објекти од современо Скопје е ГТЦ, што беше и предизвикот а и можност мојата современа уметност да биде дел од испишување на една историја за Скопје и следните генерации. Дело кое се надевам дека ќе остане со години и некој ден тоа идните генерации повеќе ќе го прифатат во самото општество. Исцртување графит во ноќни услови за мене претставува поголема слобода за графити артистот, каде што самото дело кое ти е меморирано во мозок го прилагодуваш според површина, секој ѕид од градот ти стои на располагање и те повикува. Единствена препрека е полицијата. Убавината во исцртување на графит кое е организирано и без притисок, е во тоа што се дружиш со луѓе истомисленици како тебе и пред се сте другари, сите заедно градите некоја современа култура. Се разбира легалното исцртување ти отвора простор за подобро да се посветиш на твојот графит.

На Скопје отсекогаш му недостасуваат настани од ваков карактер каде што помладите генарации ќе имаат простор да ја создаваат својата култура, каде што ќе остават белег за следниве генерации во Скопје. Да знаат дека и тогаш имало некој што бил дел од некоја урбана култура. Настанот е за поздравување, се надевам, се гледаме за брзо, со исти идеи и реализации.



## ВОСКРЕСИЈА АНДРЕЕВСКА:



Јас сум уметничка душа, копнеам и верувам како и многу други тука во Македонија дека преку ваквите уметнички движења можеме да го оживееме ова наше сиво Скопје. Меѓу другото, јавните ѕидови на ГТЦ, звучеа како возбудливо платно кое со нетрпение чекав да го исликам. Се надевам дека му ги „зајакнавме темелите" на подолг рок. Создавањето е многу различно. Кога бев помала, бев понесена од тие адреналински вечери оставајќи безначителни зборови на ѕидови во моето маало. Ќе направев скици по училишните тетратки, ќе купев пар ефтини спрееви, фантомка во ранец и превозбудена трчав што побрзо да ги потрошам. Разликата во овие организирани настани денес, е што не мора да се грижиш дали ќе завршиш во полициска станица. Го имаш јавето и времето на твоја страна, убави чувства, поддршка и пофалби. Истовремено, народот може многу полесно да прифати дело креирано во рамките на еден поддржан настан, а за нас креативците е многу важно дека и графити културата постои како средство за израз на една индивидуа.

На Скопје му недостига малку, а тоа малку почнува со зборот свест. Кога велам свест мислам на свесност за тоа како живееме, свесни за себе и другите, околината, природата и светот. Мислам дека премногу удобно живееме во навиката да бидеме зли едни кон други, нервозни и негативни. За еден да бликне потребна му е љубов.

## СЕМИР АЛИМИ – ESIEM:

За мене беше чест да дадам мој печат на таков убав и ценет објект како што е ГТЦ, а во исто време да бидам дел од голем проект и со многу значење како што беше „Градот Убав". Исто така, ми беше чест што бев во друштво со графити артисти од цела Македонија. Разликата од создавање дело (графит) во автентични услови од тоа таканареченото „илегално цртање" е тоа што на овој начин на којшто беа реализирани делата во „Градот убав" – организирано и без притисок, имаш повеќе време и енергија да создадеш најперфектно дело што можеш, а во ноќни услови треба да црташ под адреналин и да бидеш внимателен да не те фатат. За мене како графити артист и двете акции имат свој убав дел.

Колку му недостига на Скопје за да бликне не можам да опишам со зборови. Но, мое мислење е дека на Скопје му требаат повеќе проекти како што беше овој за графити и street арт.




## ДАВОР ЌЕШЌЕЦ:

Беше предизвик бидејќи ГТЦ е еден од моите омилени објекти во Скопје. ГТЦ има оставено голем печат на мене, па оттаму и предизвикот и јас да оставам печат на него. Разликата е во тоа што кога создаваш дело ноќе и под адреналин за да не те фатат, не можеш да посветиш многу време на делото кое го создаваш и гледаш што можеш побргу да завршиш поради тие причини. Кога работиш организирано и без притисок како во „Градот убав" имаш повеќе можности и време за реализирање на делото. Чист воздух, многу паркови и зеленила, мурали на фасадите од зградите, улична уметност и графити, современа архитектура и современи споменици.



„СКОПЈЕ“
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО
НА ГРАД СКОПЈЕ

Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на 10 декември 2008 година

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
Ваљон Салиху

РЕДАКЦИЈА
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

ЛЕКТОР
Лидија Антоновска

ФОТОГРАФИИ
Младен Богојевски
Зоран Шекеров

СОРАБОТНИЦИ ВО ОВОЈ БРОЈ

Зоран Шишковски,
Одделение за спорт и млади на Град Скопје

Антонио Павловски,
Одделение за култура на Град Скопје

Соња Исмаил,
Младински културен центар

Скопје Лаб - Центар за иновации на Град Скопје

e-mail
gragjani@skopje.gov.mk

телефон
3 297 255

Facebook
Град Скопје

Twitter
@CityofSkopje

Instagram
@gradskopje.oficijalna

ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ
Булевар Илинден 82
www.skopje.gov.mk

Дизајн и печат
Печатница „Серафимовски“ Скопје

**ЗОРАН МИШЕ – SHUMA:**
Сум цртал во Скопје и секое мое дело било или избришано или објектот бил срушен, па така ова беше прилика да оставам пак мој печат во главниот град., заедно со други уметници. Тоа што делото е на ГТЦ, дополнително го зголемува задоволството. Има разлика, но знаејќи однапред што те чека, се подготвуваш според местото и времето, но адреналинот секако го има и во двете варијанти. Градот го прават луѓето, или образование, култура и естетика. Имајќи ги овие нешта, работите ќе се склопат сами.



**МАРЈАН ДИМИЌ – МАЧКА:**
Токму поради тоа, ГТЦ е еден од малкуте сочувани современи објекти и е особена чест да се биде дел од ваков настан и да се остави некаков личен белег на него. Разликата е во тоа што „Градот убав“ беше не само ивент на кој се цртаа дела на какви било површини... тоа беше ивент со комлетна идеја, во кој беа поврзани градот и ГТЦ, со ѕидна површина пред која претпоставувам сите артисти се чувствуваа истовремено одговорно и почестено.
Скопје има многу згради со празни калкански ѕидови кои се потенцијален капацитет за некакво артистичко изразување. Мислам дека тоа би било едно од малите придонеси, а доволно вредни за Скопје пак да бликне.

**ДРАГАН КИТАНОВСКИ – ДРАШ:**
Не само ГТЦ, туку каде и да се црташе ќе учествував. ГТЦ е објект за кој ме врзуваат многу спомени од детството и тоа беше уште една причина повеќе за да учествувам во проектот. Огромна е разликата, бидејќи имаш време да му се посветиш на графитот и на деталите. Дружбата со другите цртачи е исто огромен плус. Кога црташ во други услови гледаш што побрзо да завршиш. Сепак, и двата начина на цртање си имаат своја убавина.
Недостасуваат повеќе вакви проекти, да не остане само на овој. Со вакви случувања градот добива повеќе дух. Властите треба да се поотворени за соработка со домашните цртачи и треба да имаат поголем слух за овој начин на изразување. Скопје има потенцијал за уште многу вакви проекти, бидејќи има многу сиви ѕидови на кои им фали боја.



*На овие страници изјавите на авторите се пренесени автентично

# ВО НАРЕДНИОВ ПЕРИОД, НЕ ПРОПУШТАЈТЕ!

**МКЦ**
28.09
ROLLER DISCO
Градски парк

**БЕЛА НОЌ**
06.10
Festival of Light

**КИЦ**
18 - 29.09.2018
Изложба на слики на
Војко Јаневски
- 50 години ликовно творештво

**300 СКОПЈЕ**
29.09
Пристигнување на слониците
Дуња и Даела

**МКЦ**
07. - 11.10
ЦИФОНИ - МКЦ
Филмски детски фестивал

**МАКЕДОНСКА ФИЛХАРМОНИЈА**
27.09
НОВО УТРО
Диригент ЈЕРУХАМ ШАРОВСКИ
Солист ЛУКА ДЕБАРГ
Програма:
С. Прокофјев: Концерт за пијано и оркестар бр. 2
Х. Берлиоз: Фантастична симфонија, оп. 14

**МАКЕДОНСКА ФИЛХАРМОНИЈА**
12.10
ХАРМОНИЈА МУНДИ Диригент ЕМИЛ ТАБАКОВ
Солист ЃОРЃИ ЦИНЦИЕВСКИ
Програма:
Е. Табаков: Концерт за контрабас и оркестар
Г. Холст: „Планети“

**МКЦ**
27.09
NadahElShazly (Египет)
МОТ+ концерт

**МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ**
02.10.
Изложба на ликовни дела од
Славко Јаневски

**МКЦ**
12.- 13.10
SkopjeVinylConvention
Концерт и музички базар

**МАКЕДОНСКА ОПЕРА И БАЛЕТ**
28.09
„КАРМИНА БУРАНА“ – Карл Орф

**КИЦ**
2 - 16.10. 2018
Изложба на слики на
Никола Ганевски

**МКЦ**
03. - 10.10
КИНЕНОВА
Филмски фестивал

**МКЦ**
12. - 17.10
Недела на германски филм
Филмски фестивал

**МКЦ**
28.09
Fire (Шведска) МОТ + концерт

**МКЦ**
04. - 05.10
Од ребро до Rockandroll - МКЦ
Музички фестивал – Allgirlbands

